# Евиденција на притисоците врз водните ресурси: Кој ги загадува водите во Македонија?

ПРОФ. Д-Р БИЛЈАНА ПУЛЕСКА ЈАНУШЕВСКА
М-Р ДЕЈАН АНДОНОВ




## Резиме

Постоењето информативен систем за издадени водни дозволи, степенот на загаденост на водите и утврдувањето на изворите на загадување треба да бидат основа за Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) при водењето одржлива политика за водите. Во отсуство на комплетна евиденција на корисници и загадувачи на вода не може да се утврди степенот на штетно влијание, па секоја управна мерка донесена од МЖСПП е паушална. Секој може да испушта штетни и опасни материи без да поседува дозвола, да загадува и притоа да не подлежи на санкција за своето противправно дејствување. Според Државниот завод за статистика, отпадните води од индустријата и рударството се испуштаат непрочистени директно во почвата, канализацијата, водотеците, акумулациите или езерата. Дури и јавните комунални претпријатија без третман ги испуштаат отпадните води во природните водотеци. Низок е процентот на издадени дозволи за користење води и за испуштање во води. Постоењето евиденција на водни дозволи, регистар на штетните материи што се испуштаат во водите и катастар за нивните извори ќе им овозможи на надлежните органи да следат дали носителите на дозволите постапуваат во согласност со нив, да ги идентификуваат субјектите кои незаконски и без дозвола користат или испуштаат во вода и да ја санкционираат и да ја спречат таквата нелегална пракса на деградација на водите. Тоа ќе придонесе и за транспарентност и учество на јавноста во донесувањето на одлуките во областа на водите.


## Препораки за МЖСПП

- Да се преземат мерки за доследна имплементација на одредбите од Законот за води;
- Да се воспостават водна книга и Катастар на загадувачи на водата и да се обезбеди систем за прибирање/доставување на податоци релевантни за управување со водите;
- Да се пропише начинот на воспоставување и ажурирање на информативниот систем за води, како и начинот и формата на водење и прибирање на влезните податоци за Катастарот на загадувачи и соодветно да се имплементираат;
- Да се изработи софтверско решение за собирање податоци за загадувачите на водите, со кое ќе се воспостави и континуирано ќе се одржува информативниот систем за водите, особено за издавање дозволи и нивно следење;
- Да се овозможи пристап до податоците од системот до инспекциските органи;
- Да се овозможи слободен пристап до информациите од системот за јавноста, без посебни барања и постапки.



Постоењето систематизирани информации за корисниците и загадувачите на водите, за штетните емисии и нивното влијание врз водите и врз животната средина воопшто има за цел да обезбеди ефективност и објективност на донесените управни и економски мерки. Прегледот на податоци дава можност органот да ги проектира можните штетни влијанија и нивните импликации во однос на квалитетот на водите и животот и здравјето на луѓето. Јавноста има право да знае кој, во колкав обем и на каков начин ја загадува средината во која живее и работи и има право да учествува во донесување на одлуките што ја засегаат.

## Неажурна и нецелосна евиденција

Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) не располага со комплетни податоци за тоа кој, со што и во колкав обем ги загадува и ги користи водите во Македонија. Точната евиденција ќе овозможи надлежниот орган да има увид на притисоците врз водите, да го утврди потеклото на загадувањето и да оцени дали оптоварувањето врз ресурсот се врши по основ и во согласност со дозвола, да процени дали и во колкав обем се спроведуваат начелата корисникот и загадувач да плаќа и консеквентно ќе му овозможи управните мерки да ги проектира во одговор на загадувањето.

МЖСПП, преку Секторот за води во Управата за животна средина, ги евидентира сите барања и издадени дозволи во т.н. водна книга, како база на податоци за користење на водите. Во суштина, таа треба да претставува целосен и постојано ажуриран регистар на издадени дозволи и други податоци од важност за управните одлуки во врска со водите. Со измените на Законот за водите, водната книга се трансформираше во т.н. информативен систем за води, којшто освен претходните, ќе вклучува и податоци од географскиот информативен систем, т.е. податоци за координати и картографски прикази за притисоците врз ресурсот. Во практиката, евиденција се води само за дозволи што се издадени – за зафаќањата, а поретко за испуштањата на отпадни води – и таа не се ажурира постојано. Со тоа, органот има евиденција за тоа кој има дозвола, но не и кој треба а нема. Има евиденција кој црпи, но не и каде ја испушта водата и штетните материи по користењето. На таков начин, евиденцијата за притисокот не дава реална слика за состојбата со водниот ресурс, неговиот квалитет, па може да доведе до издавање на дозвола таму каде што фактички не би требало. Ваквата состојба на неажурна и нецелосна евиденција делумно се должи на непостоењето подзаконски акт со којшто ќе се уреди начинот на воспоставување и ажурирање на информативниот систем за води, за којшто правен основ е предвиден во Законот за водите.

## Нема катастар на загадувачи и индустриските отпадни води се испуштаат непрочистени

Понатаму, за утврдување на изворот и степенот на загадување, Законот за водите предвидува воспоставување катастар на загадувачи на води. Катастарот треба да содржи податоци за активностите и објектите коишто претставуваат или можат да претставуваат ризик за животната средина и поединечните медиуми, опфаќајќи ги индустриските постројки и јавните комунални претпријатија. Во практиката, не постои подзаконски акт со којшто се пропишува начинот на воспоставување и водење на катастарот. Податоците за загадувањето кое потекнува од операторите на индустриските постројки се прибираат преку прашалници, а од осумдесетина општински јавни комунални претпријатија, податоци за количината на испуштените води и параметри за загадувањето се добиени само од три (Скопје, Берово и Македонски Брод). Консеквентно, нема точен и релевантен податок за изворот на загадување, за параметрите и степенот на загадувањето на реципиентите со индустриски и комунални отпадни води.

Официјалните податоци на Државниот завод за статистика што се прибираат по друга методологија и за друга намена зборуваат дека отпадните води коишто се испуштаат од индустријата и рударството немаат никаков третман пред нивното испуштање во почвата, канализацијата, водотеците, акумулациите или езерата. Во 2017 година, од вкупно испуштените непречистени отпадни води од индустријата и рударството, 0,3 проценти се испуштени во канализација, а 99,7 проценти во водотеци. И јавните комунални претпријатија испуштаат непрочистени води од канализација во природен водотек. Освен од канализација (урбана или комунална), во канализацискиот систем ЈКП прифаќаат и непрочистени индустриски води коишто индустријата ги испушта во канализација. Така што, по степенот на загадувањето, и водите од ЈКП што се испуштаат непрочистени содржат загадувачки материи како и индустриските.

Со Законот за водите се става обврска за интерен мониторинг на операторите на инсталации во согласност со интегрираните еколошки дозволи (водни дозволи). Исто така, јавните комунални претпријатија се должни да вршат интерен мониторинг на зафаќањата и испуштањата и податоците да ги доставуваат до органот којшто ќе ги евидентира во информативниот систем. Овие податоци се влезни податоци за водење на Катастарот на загадувачи. Оваа обврска не се спроведува во практиката.

Ваквата парцијална евиденција и нејзиното водење врз доброволна основа не дава комплетен преглед на оптоварувањето врз секое водно тело на територија на државата, а податоците добиени по оваа основа не се доволни и не можат да се обработат и да се анализираат за да се донесат соодветни мерки. Тие не можат ниту соодветно да се презентираат и не се достапни до јавноста, ниту, пак, јавноста може да се вклучи во процесот на донесување на одлуките.

## Катастарот не е јавно достапен

Податоците од Катастарот се податоци коишто треба да бидат достапни за јавноста. Пристапот на јавноста до податоците (форма, обем и начин) се определува со Законот за животна средина. Начинот и формата на коишто се води Катастарот не овозможува соодветно пребарување на податоците, презентирање и пристап до нив, ниту достапност до јавноста. Во практиката, отсуството на целосните податоци во Катастарот и отсуството на пропис за формата и начинот на водење и прибирање податоци не е во согласност со законите. Катастарот не е јавно достапен, а МЖСПП обезбедува релевантни податоци и информации за јавноста само врз основа на поединечно барање и во согласност со Законот за слободен пристап до информации.

## И јавните комунални претпријатија испуштаат отпадни води без дозвола

Проблемот на несоодветната евиденција во областа на водите директно резултира со практиката субјектите воопшто да не поднесуваат барање за дозвола (за користење и за испуштање во води), иако, според Законот, тоа требало да го сторат во определен рок. Исто така, евидентна е воспоставената практика на државата да ги толерира и да не ги санкционира субјектите кои користат и испуштаат отпадни води без дозвола и на неказнивост на штетните испуштања без прочистување, па оттука секој може да испушта штетни и опасни материи без да поседува дозвола, да загадува и без притоа да плати за репарација на ресурсот или да подлежи на санкција за своето противправно дејствување. За илустрација, во 12 општини јавните претпријатија немаат обезбедено дозвола за користење вода, а 8 јавни претпријатија воопшто немаат поднесено барање за дозвола. Од вкупно 36 јавни претпријатија коишто вршат услуги за собирање и одведување и/или прочистување на отпадни води, дозвола за испуштање имаат само четирите јавни претпријатија од Струмица, Берово, Македонски Брод и Кочани. Секако, немањето дозвола не ги спречува општините и нивните комунални претпријатија да ја фактурираат услугата за водата која нелегално ја зафаќаат и ја дистрибуираат,

односно нелегално вршат испуст и ја загадуваат животната средина. Уште поапсурдна е ситуацијата во која граѓаните на подрачјата на општините кои имаат дозволи и прочистителни станици плаќаат повисоки сметки за водни услуги во споредба со оние кои воопшто не поседуваат дозвола. Тоа е спротивно на начелото за целосен поврат на трошоците, односно дека загадувачот/корисникот плаќа, како основно начело утврдено со Законот за водите.

### Надминување на состојбата

Воспоставување точна, релевантна, сеопфатна база на податоци за водна книга и катастар на загадувачи на водите е првиот чекор кон надминување на ваквите апсурдни состојби. Вкрстувањето на податоците во информативниот систем ќе даде преглед на нелегалните практики и можност за нивно санкционирање, ќе овозможи одржливост на управувањето со водните ресурси и транспарентност на процесот. Индикативно, Буџетот за воспоставување точна, релевантна сеопфатна база на податоци се проценува на 381.750 евра, што треба да ги покрие ставките за собирање податоци за загадувачи на води и за изработка на софтверско решение за информативен систем/ катастар на загадувачи и негово редовно одржување.

## Консултирани извори


- Пулеска Б., Поповски Н. (2020). Проблеми во управувањето со водните ресурси: Како да ја користиме и заштитиме водата. Институт за комуникациски студии, Скопје.
- Државен завод за ревизија (2019). Конечен извештај за извршена ревизија на успешност „Ефективност од политиките, мерките и активностите при доделување на водно право“.
- Државен завод за статистика (2019). Статистика на животна средина 2019.




Повеќе за темата на ова резиме е објаснето во документот за јавна политика

„Проблеми во управувањето со водните ресурси: Како да ја користиме и заштитиме водата“.

Институт за комуникациски студии

02 30 90 004    info@iks.edu.mk    www.iks.edu.mk

British Embassy Skopje    UKaid from the British people

Овој производ е подготвен во рамки на проектот „Поврзи ги точките: Подобрени политики преку граѓанско учество“ финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.